РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3379/5
25-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 68-та седница одржана на ден 20.05.2022 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предметот број 08-1300/1 од 22.02.2020 година, оформен по сопствена иницијатива, согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година, за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на ____________, претседател на Основниот суд ____________, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК по предметот број 08-1300/1 од 22.02.2020 година .

Предметот број 08-1300/1 од 22.02.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК, во анонимизирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-1300/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

ДКСК, за имотот на ______________, претседател на Основниот суд ________________, и за имотот на членовите на неговото семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, постапувајќи по предметот, од својата евиденција утврди дека ____________________, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, претседател на Основниот суд ________________, не поднел анкетен лист до ДКСК.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог број 08-1300/14 од 22.12.2020 година, кој согласно со Законот за прекршоците беше уредно доставен до сторителот и по кој сторителот во утврденито рок не постапи.

ДКСК, до Прекршочната комисија во ДКСК, поднесе барање за поведување прекршочна постапка против именуваниот заведено под број 08-3379/1 од 13.09.2021 година.

Прекшочната комисија во ДКСК, со решение број 14-3380/5 од 01.11.2021 година __________________ го огласила за одговорен за прекршок утврден во член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон, и му е изрекла прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 400 евра во денарска противвредност.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции како и донесеното решение на Прекршочната комисија констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот предмет.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**